**РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА**
**НА ОСНОВНОТО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ**
**СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ, ЦЕНТАР – СКОПЈЕ**
**ЗА ПЕРИОД ОД 2024 – 2028**




ул. 1737 бр.1, 1 000 Скопје тел:02 3164357, 02 3213799
www http://oukimcentar.edu.mk/ email oukimsk@yahoo.com

**Датум: август 2024**

# ПРЕАМБУЛА

Основното образование се развива врз низа начела: право на бесплатно и квалитетно основно образование за секое дете, еднаквост, пристапност и инклузивност, обезбедување на квалитетно образование и меѓународна споредливост на знаењата на учениците, активно учество на учениците во општестениот животот, унапредување на сличностите и прифаќање на различностите, мултикултурализмот, грижата за здравјето на учениците, заштита од дискриминација, автономност, компетентност и одговорност, изградено партнерство меѓу училиштето, родителите/старателите и единиците на локалната самоуправа.

Врз основа на **Законот за основно образование**, објавен во Службен весник н РСМ, бр.161 од 05.08.2019 година,односно:
**Член 49**

1. Основното училиште изготвува **Развојна програма** за работа.
2. Во **Развојната програма** за работа се планираат целите и визијата за развој на училиштето во периодот од четири години, со конкретно наведени активности на училиштето согласно со стратешките и концепциските документи и стручни документи и упатства утврдени од надлежните институции.

Врз основа на **Правилникот за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште** бр.18-6579, изготвен од Министерот за образование и наука (објавен 06.07.2020) изготвена е **Развојната програма** за работа на ООУ СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ-Центар, Скопје.

| Развојна програма на училиштето | |
|---|---|
| Училиште | Свети Кирил и Методиј – Центар, Скопје |
| Адреса | ул.1737 бр.1 Скопје |
| Телефон, e-mail | 02 3164357, 02 3213799<br>www http://oukimcentar.edu.mk/ email oukimsk@yahoo.com |
| Период на подготовка на Развојната програма на училиштето | |
| Број на ученици во училиштето | 380 |
| Број на подрачни училишта | / |
| Училиштен директор | |
| Име и презиме | Соња Кирковска |
| Потпис | |
| Датум | |
| Одобрување од УО | |
| Име и презиме | Сашо Јанев |
| Потпис | |
| Датум | |

СОДРЖИНА

1.Податоци за основно училиште........ 4
1.1.Идентификациони податоци за основното училиште........ 5
1.2.Историјат на основното училиште........ 6
2.Преглед на постигнатите резултати од претходната Развојна програмана училиштето........ 7
3.Фактори кои влијаат на развојот на основното училиште (СВОТ анализа)........ 9
4. Мисија и визија на основното училиште........ 9
5.Избрани приоритети и образложение за секој од нив 10
6.Дефинирани стратешки и развојни цели 13
7.Акциски планови за реализација на Развојната програма на училиштето 17
8. Комисија за изработка на Развојната програма на училиштето

## 1.Податоци за основно училиште

1.1.Идентификациони податоци за основното училиште

| | |
|---|---|
| Име на основното училиште | **ООУ СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ, ЦЕНТАР-СКОПЈЕ** |
| Адреса | Ул. 1737 бр.1 |
| Контакт телефон | Тел. 02/3 164 357  02/3 213 799 |
| Место, општина | Скопје, Центар |
| E- mail | ou-svetikirilimetodij-centar@schools.mk; oousvkirilimetodij@centar.gov.mk; oukimsk@yahoo.com; |
| Веб страница | ООУ Свети Кирил и Методиј - Скопје - Почетна (oukimcentar.edu.mk) |
| Основано од | 1984 |
| Верификација-број на актот | ИО – ГНОО на Град Скопје |
| Година на изградба | 1963/64 |
| Тип на градба | Цврста |
| Внатрешна површина на училиштето м$^2$ | 3101 м2 и галерија |
| Училиштен двор м$^2$ | 3200 м2 |
| Површина на спортски терени и игралишта | 700 м2 |
| Начин на загревање на училиштето | Централно парно греење |
| Училиштето работи во смени | Училиштето работи во една смена |
| Број на паралелки | 20 |
| Број на комбинирани паралелки | / |
| Јазик на кој се реализира наставата во училиштето | Македонски јазик |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со ПОП | Не |
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште | Не |
| Во основното училиште има ресурсен центар | Не |
| Други податоци карактеристични за основното училиште | Најстаро училиште во Република Северна Македонија со непрекината воспитно образовна дејност на мајчин македонски јазик во текот на 188 години |

## 1.2.Историјат на основното училиште

Основното општинско училиште ООУ СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ-Центар Скопје е најстаро училиште во Република Северна Македонија со непрекината воспитно образовна дејност на македонски јазик во текот на 185 години (од далечната 1836 година до денес).

**Прв период (1836-1945год.)**

Во 30-тите години на 19 век се отворило првото словенско ќелијно училиште во Скопје и тоа во дворот на новоизградената црква „Света Богородица“ во 1836 год. каде за прв пат децата учеле само на својот мајчин јазик. По покана на градските првенци за учител во училиштето, дошол преродбенскиот учител и народен просветител Јордан Хаџи Константинов-Џинот. Неговото доаѓање означува пресвртница за просветно-културниот и националниот живот на градот Скопје. Тој ги разделил учениците на одделенија, вовел во наставата световни предмети и новиот, земен систем на настава; вовел и клупи и современи наставни средства (земни таблици, песочница, географска карта, глобус и сл.) и современи наставни методи, ги исфрлил и физичките казни. За намената што ја добило училиштето била подигната нова училишна зграда.

**Втор период (1945-1991год.)**

Веднаш по ослободувањето на Скопје училишното ѕвоно повторно се огласило повикувајќи 475 ученици кои следеле настава од прво до седмо одделение. Училиштето и понатаму го задржало дотогашното име „Св. Кирил и Методиј“. Во наредните години бројот на учениците рапидно расте и наставата се изведува во две смени. Во 1961 година училиштетето прераснува во осумгодишно. По катастрофалниот земјотрес во 1963 год. наставата се изведувала во монтажна барака со три училници и во неа се одвивала настава во три смени со скратени часови од по 40 минути. Новата училишна зграда е предадена во употреба на 28.12.1964 год. во која се сместуваат уште две училишта (економското училиште „Моша Пијаде“ и гимназијата „Орце Николов“) се до 1968 год. Во учебната 1973/74 год. училиштето го губи зборот „Свети“ во својот наслов.

Во 1978 год. на училишниот колектив му е доделена наградата „13 Ноември“ за придонес во ширење на просветата и културата кај младите. До 1979 година во овој период се школувале 16260 ученици.

**Трет период (1991 до денес)**

Во 1993 год. на свечена седница на Окружниот стопански суд училиштето се пререгистрира во „Свети Кирил и Методиј“ –Скопје. Во овој период во училиштето завршиле околу 20854 ученици. Во денешно време училиштето го следи брзиот техничко-технолошки развој и стремежот за приближување кон европските стандарди во секојдневната работа. Покрај академски и интеркултурни стандарди училиштето посебно се залага за развивање на свеста и разбирањето на други култури, нивно почитување, взаемна комуникација и соживот.

Училиштето е верифицирано од ИО – ГНОО на Град Скопје од 1985 година.

**2.Преглед на постигнатите резултати од претходната Развојна програма на училиштето**

| Стратешка цел 1 | Развојни цели | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Нереализирана | Образложение |
|---|---|---|---|---|---|
| Подобрување на материјално-технички услови | 1.1 Надополнување на библиотечниот фонд со стручна литература | | ✔ | | Во училишната библиотека се набавени лектирни изданија и детска литература, но недостасува дополнителна стручна литература поради пренасочување на финансиските средства за збогатување на детскиот библиотечен фонд, кој во моментов е поприоритетен. |
| | 1.2 Креирање медијатека | | | ✔ | И покрај аплицирањето на неколку проекти и грантови, обезбедените средства не беа доволни за целосна имплементација. Во моментов се преземаат активности за прибирање дополнителни финансии преку фанрезинг настани и аплицирање за нови извори на поддршка. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 1.3 Реновирање на санитарните јазли и поставување на пристапна рампа за ученици со ПОП | | ✔ | | Санитарните јазли се целосно санирани и обновени со помош на донатор, но поради недостаток на финансиски средства пристапна рампа за ученици со ПОП не е поставена сé уште. |
| Стратешка цел 2 | Развојни цели | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Нереализирана | Образложение |
| Подобрување на поддршката на надарените ученици | 2.1 Обучување на наставниот кадар за работа со талентирани ученици | | ✔ | | Во рамките на стручното усовршување на наставниците, училиштето, на ниво на стручни активи и во соработка со стручните соработници, изработи чек-листа за препознавање и следење на талентирани ученици. Во училиштето се спроведуваат тестирања и анализи во форма на интерни натпревари за селекција на најдобрите ученици.<br><br>Како училиште |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | сметаме дека оваа Развојна цел е делумно реализирана, бидејќи од Програмата за обуки за стручно усовршување на наставниците, обуката „Стратегии, методи и техники за работа со надарени ученици“ не е спроведена. |
| | 2.2 Промовирање на стекнатите достигнувања (дипломи), медаљи и признанија | ✔ | | | Наградите, признанијата и постигнувањата на учениците редовно се промовираат на веб-страницата, Фејсбук страницата на училиштето и во училишниот весник. Учениците добиваат дипломи, медали, признанија и пехари, а во училиштето има и промотивно катче со изложени пехари. |
| | 2.3 Градење стратегија за награда на талентираните ученици | | ✔ | | Училиштето има воспоставено процедура за наградување на талентирани ученици, поттикнувајќи го нивниот личен и образовен развој. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Иако постои тековно наградување, дополнителна поддршка од донации и спонзорства би овозможила стипендии, учество на натпревари, работилници и пристап до напредни материјали и технологии. Ова би им помогнало на учениците да ги развијат своите таленти и да ги постигнат целите, претставувајќи го училиштето и заедницата на повисоко ниво. |
| Стратешка цел 3 | Развојни цели | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Нереализирана | Образложение |
| Реализирање на активности за заштита на училиштето како дел од културното наследство | 3.1 Поставување на Спомен соба за учителствувањето на нашиот преродбеник Јордан Хаџи Константинов - Џинот | | | ✔ | Формиран е тим за реализирање на стратешката цел, процесот е во тек за обезбедување на поддршка од локалната заедница и соработка со родителите. |
| | 3.2 Формирање тим за реализација на активностите од училиштето | ✔ | | | |
| | 3.3 Соработка со родители, локална заедница и останати институции за реализација на активностите | | | ✔ | |

**3.Фактори кои влијаат на развојот на основното училиште (СВОТ анализа)**
**SWOT анализа**
**Организација и реализација на наставата и учењето**

| Предности (силни) страни на основното училиште | Слабости (слаби страни) на основното училиште |
|---|---|
| ·Наставните планови и програми во училиштето се планираат и реализираат согласно насоките дадени во училиштето и од БРО и од МОН<br>·Редовно планирање и реализација во наставните планови и програми за дополнителна, додатна и слободни ученички активности во наставата<br>·Се применува диференциран пристап во наставата<br>·Во училиштето има добри примери на активности преку кои се негува меѓуетничката интеграција и се создава клима на безбедна, стимулативна и мотивирачка средина<br>·Еднаков и правилен третман кон сите ученици без разлика на нивната социјална, етничка или родова припадност, способност и можности<br>·Училиштето успешно реализира инклузивност на ученици со различно ниво на попреченост<br>·Грижа за безбедноста на учениците, за нивниот престој во и надвор од училишната зграда<br>·Навремено известување на учениците и родителите за нивниот успех по наставните предмети<br>·Учениците редовно и успешно учествуваат на натпревари, манифестации, приредби, проекти каде што го претставуваат училиштето<br>·Училиштето има изготвено свои правилници, протоколи кои ја уредуваат работата на училиштето<br>·Проектни активности во училиштето и соработка со училишта и организации од држави од ЕУ<br>·Ефективно раководство и стратешко управување со училиштето<br>·Искусен и стручен кадар<br>-Училиштето има одлука за протокол на користење на мобилните телефони, кое се оставаат во шкафчиња по паралелки и се враќаат на крајот од денот, што ја зголемува фокусираноста на наставата и ја | · Ограничени средства и опрема за реализација на активности во спортската сала. Во 2019 година е пуштена салата во употреба без спортски реквизити, а истите се обезбедуваат постепено.<br>· Стара градба на училиштето има оштетувања во темелите и водоотпорните слоеви, што доведува до често поплавување на подрумските простории и долните катови при неповолни временски услови<br>·Намалување на бројот на учениците<br>- Училиштето има сензорна соба која не е доволно опремена според потребите на учениците со ПОП<br>- Недоволна вклученост на родителите/старателите во работилници за примена на Упатството за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување<br>-Евиденцијата во училишната библиотека не се води електронски |

| | |
|---|---|
| подобрува комуникацијата | |
| **Можности (прилики) што произлегуваат од работата за основонто училиштето** | **Закани, пречки (опасности) што произлегуваат од опкружувањето за основното училиште** |
| ·Местоположба на училиштето<br>·Соработка со локалната заедница<br>·Стручна оспособеност на кадарот, континуирано стручно усовршување на вработените<br>·Промоција на училиштето-донори, спонзори<br>·Подобра промоција на училиштето<br>·Поврзување со останати училишта воградот и пошироко преку еТвининг и Еразмус програмите<br>-Афирмација на училиштето преку добри практики | ·Намалување на бројот на учениците<br>·Заминување на квалитетен кадар од училиштето како резултат на намалувањето на бројот на учениците<br>·Недоволна финансиска поддршка<br>·Социо-економски услови на учениците<br>- Делумна соработка со локалните институции и бизниси ја ограничува можноста за дополнителни финансиски средства, партнерства и иницијативи кои би го подобриле квалитетот на образованието.<br>-Зголемена ангажираност со работни и секојдневни обврски на родителите оневозможува нивно поактивно вклучување во училишниот живот на нивните деца |

## 4.Мисија и визија на основното училиште

***МИСИЈА: Училиштето е средина која овозможува развој на социјалниот, интелектуалниот и академскиот потенцијал на учениците. Ние обезбедуваме рамноправен напредок на учениците преку поддршка на нивните вештини, таленти и индивидуални потреби. Светот го замислуваме како глобално и отворено место, исполнето со почит и разбирање.***

***ВИЗИЈА: Визија на училиштето е да ги инспирира учениците до нивниот максимален потенцијал, воедно да ги мотивира на одговорно однесување и вредна работа. Училиштето ќе поттикнува еднаквост, ќе почитува различност и инклузивност, со верба сите ученици и вработени да создадат стимулативна средина. Веруваме во овие атрибути за да постигнеме единствен профил на ученик.***

## 5.Избрани приоритети и образложение за секој од нив

| Приоритет | Образложение |
|---|---|
| Опремување на сензорната соба со потребни ресурси согласно потребите на учениците со ПОП | Подигнување на квалитетот на наставата, обезбедување на инклузивна средина со стимулација на когнитивните и сетилните вештини кај учениците преку различни сензорни искуства, развивање на моторички вештини, трпеливост, концентрација, зајакнување на самодоверба, имагинација, креативност, подобрување на тактилна перцепција, развивање на тивок фокус и љубопитност кај учениците со ПОП. |
| Едукација на родителите и нивна поголема вклученост во создавање на безбедна и сигурна средина за учење | Поголемата информираност на родителите со Упатството за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување е клучно за создавање на безбедно и поддржувачко образовно опкружување и истото помага во подигнување на свеста за важноста на заштита од насилство, промовирајќи отворена комуникација за поддршка на учениците во случај на потреба, организирање на работилници за родители на Советот на родители на родителските средби од страна стручните соработници и наставниците во училиштето. |
| Воведување на електронска евиденција и развој на одговорноста за управување со библиотечните ресурси кај учениците како и катче со дигитална литература | Значително подобрување на управувањето со ресурсите во библиотеката, обезбедувајќи им на учениците прегледни, прецизни и лесно достапни информации преку соодветен софтвер за библиотечно работење.<br><br>Учениците ќе можат самостојно да следат кои книги ги користат и роковите за враќање, што ќе поттикне одговорност, организација и академска љубопитност, што води до подобрени образовни резултати. Достапноста до дигитални информации ги развива истражувачките вештини на учениците и ги подготвува за самостојно учење, критичко размислување и успешна адаптација во дигиталното општество. |

**6.Дефинирани стратешки и развојни цели**

| Приоритет/и | Стратешка цел |
|---|---|
| Опремување на сензорната соба со потребни ресурси согласно потребите на учениците со ПОП | Подигнување на условите за работа на учениците со ПОП |
| Едукација на родителите и нивна поголема вклученост во создавање на безбедна и сигурна средина за учење | Подобрување на соработката со родителите и создавање на безбедно и поддржувачко образовно опкружување |
| Воведување на електронска евиденција и развој на одговорноста за | Подобрување на управувањето со библиотечните ресурси за |

| | |
|---|---|
| управување со библиотечните ресурси кај учениците | зголемена достапност и прегледност, што ќе ја поддржи наставата и учењето на учениците. |

**Од стратешки цели кон развојни цели**

| **Стратешка цел 1** | **Развојни цели** |
|---|---|
| Подобрување на условите за работа на учениците со ПОП | 1.1 Доопремување на сензорна соба според стандарди согласно потребите, можностите и способностите на учениците со ПОП за обезбедување на целосна инклузија и развој на учениците со посебни образовни потреби.<br>Опремувањето на сензорна соба ќе им овозможи на учениците пристап до современи ресурси кои ги стимулираат нивните индивидуални потреби, додека унапредувањето на компетенциите на училишниот кадар ќе осигура дека наставниците имаат соодветни вештини за работа со овие ученици, што води кон подобри резултати и целосна интеграција во училишната средина. |
| | 1.2 Создавање на групи за поддршка и менторство<br>Формирање на групи за поддршка кои ќе вклучуваат ученици со ПОП и нивни врсници за промовирање на социјална инклузија, соработка и разбирање меѓу учениците, што ќе доведе до подобри социјални вештини и самопочит. |
| **Стратешка цел 2** | **Развојни цели** |
| Подобрување на соработката со родителите и создавање на безбедно и подржувачко образовно опкружување | 2.1.Одржување на предавања/работилници за родители од страна на педагошко-психолошка служба и наставниците за запознавање на родителите со Упатството за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување |
| | 2.2.Евалуирање на родителите за познавањето на постапките за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување |
| | 2.3. Вклучување на родителите во програмата за превенција на насилство преку формирање тимови за поддршка и заеднички активности со учениците, насочени кон подигнување на свеста и развивање на емпатија и ненасилна комуникација. |
| **Стратешка цел 3** | **Развојни цели** |
| Подобрување на управувањето со библиотечните ресурси за зголемена достапност и прегледност, што ќе ја поддржи наставата и учењето на учениците. | 3.1. Изработка на соодветен софтвер за библиотечно работење за поефективно користење на библиотеката како ресурс во наставата |

| | |
|---|---|
| | од страна на учениците, што ќе ја поттикне нивната љубопитност и интерес за читање. |
| | 3.2. Подобрување на вештините на библиотекарот и учениците-членови на библиотекарскиот клуб за водење на електронска евиденција, со цел подобрување на управувањето со ресурсите и побрз пристап до информации за учениците. |
| | 3.3. Опремување на катче за дигитална достапност, што ќе обезбеди модерен пристап до библиотеката, овозможувајќи им на учениците лесно пребарување и читање на дигитални книги и едукативни ресурси, што ќе го поттикне нивниот интерес за читање и развој на дигитални вештини. |

## 7. Акциски планови за реализација на развојната програма на училиштето

**Стратешка цел** 1. Подобрување на условите за работа на учениците со ПОП

**Развојна цел 1. 1.** Доопремување на сензорна соба според стандарди согласно потребите, можностите и спообностите на учениците со ПОП за обезбедување на целосна инклузија и развој на учениците со посебни образовни потреби.

Опремувањето на сензорна соба ќе им овозможи на учениците пристап до современи ресурси кои ги стимулираат нивните индивидуални потреби, додека унапредувањето на компетенциите на училишниот кадар ќе осигура дека наставниците имаат соодветни вештини за работа со овие ученици, што води кон подобри резултати и целосна интеграција во училишната средина.

| Активности | Индикатори за успех | Реализатори | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализација на активностите | Инструменти/ извори на информации за следење на индикаторите |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Формирање на тим за доопремување на сензорна соба | Формиран тим од најмалку 6 членови (2 наставници, педагог, психолог, специјален едукатор и рехабилитатор, директор). | Директор<br>Наставници<br>Педагог<br>Психолог<br>Специјален едукатор и рехабилитатор | октомври 2024 | Канцелариски материјал | Директор<br>Психолог<br>Специјален едукатор | Записници од состаноци, документи за формирање на тимот. |
| Анализа и процена на потребните ресурси и план за обезбедување на финансии за набавка на ресурси за сензорна соба | Направена детална анализа на потребите за сензорната соба со најмалку 10 ресурси идентификувани како неопходни.<br><br>Проценета вкупна вредност на ресурсите со одреден буџетен план.<br><br>Обезбедени | Тим за доопремување на сензорната соба (стручна служба, економист, психолог).<br><br>Директор на училиштето | ноември 2024 – декември 2024 | Информации за цените на опремата (понуди од добавувачи).<br><br>Потенцијални извори на финансии (училишен буџет, донации, фондови).<br><br>Канцелариски материјал | Директор<br>Тимот за доопремување на сензорна соба<br>Секретар/книговодител | Детален план за набавка на потребните ресурси.<br><br>Понуди од добавувачи.<br><br>Извештаи за обезбедени финансии (донатори, буџетски извори).<br><br>Записници од состаноци за |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | најмалку 80% од потребните финансии преку донации, буџетски средства или соработка со институции и организации. | | | | | координација и обезбедување на финансии. |
| Доставено барање за поддршка на Училишен одбор за идните активности | Извештај од Училишен одбор со конкретни предлози за можни донатори и други извори на финансии (промоција, спонзорства) | Директор<br>Тимот за доопремување на сензорна соба<br>Училишен одбор<br>Претседател на УО | ноември 2024 – декември 2024 | Подготвување на документи за барање на поддршка.<br>Материјали за презентација на планот пред Училишниот одбор. | Директор<br>Претседател на УО | Писмено барање доставено до Училишниот одбор.<br><br>Записник од состанокот на Училишниот одбор.<br><br>Официјален одговор и одобрение за поддршка од Училишниот одбор. |
| Состаноци со повеќе релевантни институции и приватни организации | Остварени состаноци со најмалку 3 институции и 2 приватни организации; потпишани меморандуми за соработка со најмалку 50% од нив. | Тим за доопремување, директор, претставници од институциите. | декември 2024 – јануари 2025 | Контакти со институции и организации, документи за соработка. | Директор<br>Тим | Потпишани меморандуми, записници од состаноци, извештаи за постигнати договори. |
| Реализација на договорените активности | Реализирани најмалку 80% од договорените активности во | Директор<br>Тимот за доопремување на сензорна | јануари – јуни 2025 | Опрема, финансиски средства, логистика за | Директор<br>Секретар или книговодител | Договори, сметки, извештаи за реализација на набавките и |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | рамките на договорените рокови; најмалку 90% од планираната опрема набавена и инсталирана. | соба, Надворешни партнери | | набавка | | поставувањето на опремата. |
| **Развојна цел 1.2:** Создавање на групи за поддршка и менторство, Формирање на групи за поддршка кои ќе вклучуваат ученици со ПОП и нивни врсници за промовирање на социјална инклузија, соработка и разбирање меѓу учениците, што ќе доведе до подобри социјални вештини и самопочит. | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Реализатори | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализација на активностите | Инструменти/ извори на информации за следење на индикаторите |
| Формирање на групи за поддршка под менторство на наставници и стручни соработници | Формирани најмалку 3 групи за поддршка, секоја група со најмалку 3 ученици (1 ученик со ПОП и 2 соученици) и 1 ментор (наставник во соработка со стручни соработници). | Наставник Стручни соработници | ноември 2024 | Простории за состаноци | Стручни соработници, координатор на групите. | Списоци на ученици и ментори, записници од состаноците. |
| Распределување на учениците со ПОП според нивните интереси во групите | Секој ученик со ПОП е распределен во група согласно неговите интереси (минимум 80% од учениците се задоволни од групата). | Наставници, психолог, специјален едукатори и рехабилитатор. | ноември 2024 – јуни 2028 | Анкети за интереси на учениците, листи за распределување. | Стручни соработници, координатор на групите. | Анкети, евиденција за распределување на учениците. |
| Советување на групите за | Спроведено советување со | Наставници, психолог, | ноември 2024 – јуни 2028 | Простор за состаноци, | Стручни соработници, координатор на | Записници од советувањата, |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| идентификување на интересите и можностите на учениците | секоја група за идентификација на интересите и можностите на учениците. | специјален едукатори и рехабилитатор. | | материјали за советување. | групите. | повратни информации од учениците. |
| Консултативни средби за подобра соработка | Организирани најмалку 2 консултативни средби со учество на сите ментори и 90% од учениците. | Наставници, психолог, специјален едукатори и рехабилитатор, групи за поддршка | континуирано (по потреба) | Простор, време за средби | Ментори, стручна служба. | Записници од средбите, извештаи за постигната соработка. |
| Реализирање на работилници | Организирани најмалку 4 работилници со активност на 90% од учениците во групите. | Наставници, психолог, специјален едукатори и рехабилитатор, групи за поддршка | декември 2024 – јуни 2028 | Материјали за работилници, простор | Ментори, стручна служба. | Извештаи од активности, евалуација на работилниците. |
| Евалуација на активностите за поддршка и менторство | Спроведена евалуација на 100% од активностите со позитивни резултати од најмалку 80% од учениците и менторите. | Наставници, психолог, специјален едукатори и рехабилитатор, групи за поддршка | април – јуни 2028 | Анкети | Ментори, стручна служба. | Евалуациски анкети, извештаи од менторите и учениците. |

| **Стратешка цел 2** Подобрување на соработката со родителите и создавање на безбедно и поддржувачко образовно опкружување | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Развојна цел 2.1.** Одржување на предавања/работилници за родители од страна на педагошко-психолошка служба и наставниците за запознавање на родителите со Упатството за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Реализатори | Временска рамка за | Потребни ресурси | Тим за следење на | Инструменти/ извори на |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | имплементација | | реализација на активностите | информации за следење на индикаторите |
| Стратешко планирање и координација помеѓу педагошко-психолошката служба и наставниот кадар за унапредување и организација на работилниците за родители | Организирани најмалку 1 состанок со конкретни предлози за подобрување и организација на работилниците за родители. Усвоен акциски план за реализација на работилниците | Директор Наставници Педагошко-психолошка служба | октомври – ноември 2024 | Простор за состаноци, работни материјали, време за подготовка и координација | Директор Наставници Педагошко-психолошка служба | Записник од состанокот, изготвен акциски план |
| Подготовка и прилагодување на постоечките ресурси за предавања /работилница | Изготвена презентација и дополнителни материјали за реализација на работилниците | Наставници Педагошко-психолошка служба | декември 2024 – јуни 2025 | Постоечки образовни материјали, печатени и дигитални ресурси. | Директор Наставници Педагошко-психолошка служба | Презентација и други потребни ресурси и дополнителни материјали за реализација на работилниците |
| Одржување на обука со членовите на Совет на родители | Одржана најмалку 1 обуки со учество на 90% од членовите на Советот на родителите. | Педагошко-психолошка служба Родители | декември 2024 – јуни 2025 | Простор за обука, едукативни материјали (презентации,..), опрема за презентација | Директор Наставници Педагошко-психолошка служба | Записник од Совет на родители |
| Одржување на работилници за родители на ниво на паралелки од страна на одделенските раководители | Одржана најмалку 1 работилница по паралелка, со учество на најмалку 60% од родителите. | Наставници Родители | декември 2024 – јуни 2025 | Просторија за работилници, едукативни материјали (презентации), опрема за презентација | Директор Наставници Педагошко-психолошка служба | Записник од родителска средба |
| **Развојна цел 2.2.** Евалуирање на родителите за познавањето на постапките за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување | | | | | | |

| Активности | Индикатори за успех | Реализатори | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализација на активностите | Инструменти/ извори на информации за следење на индикаторите |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| Евалуација на придобивките на родителите од спроведените обуки и работилници за познавањето на постапките за пријавување и заштита на ученик жртва | Собрани податоци од најмалку 70% од учесниците во обуките и работилниците. 70% од родителите покажуваат подобрување во знаењето за постапките за пријавување и заштита (мерено преку анкети). | Наставници Педагошко-психо лошка служба | јуни 2025 – септември 2025 | Анкети, алатки за обработка на податоци | Директор Наставници Педагошко-психо лошка служба | Анкетни листови |
| Анализа на евалуацијата | Завршена анализа на податоците во рок од 3 недели по добивање на податоците од евалуацијата. Изготвен финален извештај со јасни препораки за подобрување на идните обуки и работилници. | Директор Наставници Педагошко-психо лошка служба | септември - ноември 2025 | Софтвер за обработка на податоци, материјали за анализа (анкети), компјутерска опрема | Директор Наставници Педагошко-психо лошка служба | Финален извештај за анализа, графички претстави на податоците и повратни информации од учесниците. |
| **Развојна цел 2.3.** Вклучување на родителите во програмата за превенција на насилство преку формирање тимови за поддршка и заеднички активности со учениците, насочени кон подигнување на свеста и развивање на емпатија и ненасилна комуникација. | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Реализатори | Временска рамка за | Потребни ресурси | Тим за следење на | Инструменти/ извори на |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | имплементација | | реализација на активностите | информации за следење на индикаторите |
| Формирање на тимови за поддршка | Формирани најмалку 1 тим со учество на 2 родители и 3 наставници по тим. Изработен план за активности на тимот | Наставници Педагошко-психо лошка служба | ноември 2024 – декември 2024 | Простор за состаноци, материјали за работа (планови, ресурси за едукација) | Директор Наставници Педагошко-психо лошка служба | Записници од состаноците, план за активности, повратни информации од родителите. |
| Организирање на заеднички активности со учениците | Реализирани најмалку 6 активности во текот на две учебни години со учество на 60% од родителите и учениците. | Наставници Педагошко-психо лошка служба Тим за поддршка | јануари 2025 – јуни 2028 | Простор за активности, материјали за работилници | Директор Наставници Педагошко-психо лошка служба | Записници од активностите |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Стратешка цел 3** Подобрување на управувањето со библиотечните ресурси за зголемена достапност и прегледност, што ќе ја поддржи наставата и учењето на учениците. | | | | | | |
| **Развојна цел 3.1.** Изработка на соодветен софтвер за библиотечно работење за поефективно користење на библиотеката како ресурс во наставата од страна на учениците, што ќе ја поттикне нивната љубопитност и интерес за читање. | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Реализатори | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализација на активностите | Инструменти/ извори на информации за следење на индикаторите |
| Дискусија и размена на идеи на Наставнички совет за соодветен софтвер за библиотечно работење | Одржан најмалку 1 Наставнички совет со дискусија соодветен софтвер за библиотечно работење Избран софтвер за библиотечно | Директор Наставници Педагошко-псих олошка служба | октомври – декември 2024 | Канцелариски материјал | Директор Наставници Педагошко-психолошк а служба | Записник од Наставнички совет |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | работење во согласност со потребите на училиштето. | | | | | |
| Изработка на соодветен софтвер за библиотечно работење | Изработен софтвер со сите предвидени функционалности во рок од 6 месеци. | Директор Правно лице/ наставник по информатика | декември 2024 – април 2025 | Финансиски средства Техничка спецификација за софтверот | Директор | Изработен софтвер |
| **Развојна цел 3.2.** Подобрување на вештините на библиотекарот и учениците-членови на библиотекарскиот клуб за водење на електронска евиденција, со цел подобрување на управувањето со ресурсите и побрз пристап до информации за учениците. | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Реализатори | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализација на активностите | Инструменти/ извори на информации за следење на индикаторите |
| Обука на библиотекарот за работење со софтверот | Завршена обука со учество на 100% од библиотекарите. 90% од учесниците успешно ја демонстрираат способноста за користење на софтверот по завршување на обуката. | Правно лице/ наставник по информатика Библиотекар | април – август 2025 | Образовни материјали за обуката, компјутери | Директор | Листа на присуство на обуката, Потврда за проследена обука |
| Внесување на податоците во софтверот од страна на библиотекарот | 100% внесен библиотечен фонд во системот во рок од 4 месеци. Редовно ажурирање на податоците по внесувањето. | Библиотекар | септември – декември 2025 | Компјутери, софтвер, база на податоци за библиотечниот фонд | Директор | Извештаи од софтверот за број на внесени книги и ресурси |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Водење на редовна електронска евиденција во училишната библиотека | 100% од позајмувањата и враќањата регистрирани во системот. Полугодишни извештаи за евиденцијата | Библиотекар | Тековно, по имплементацијата на софтверот. | Компјутерска опрема | Директор | Чек листи за редовна електронска евиденција |
| **Развојна цел 3.3.** Опремување на катче за дигитална достапност за модерен пристап до библиотеката, овозможувајќи им на учениците лесно пребарување и читање на дигитални книги и едукативни ресурси, што ќе го поттикне нивниот интерес за читање и развој на дигитални вештини. | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Реализатори | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализација на активностите | Инструменти/ извори на информации за следење на индикаторите |
| Формирање на тим за опремување на катче за дигитална достапност | Формиран тим од најмалку 6 членови (библиотекар, наставници) | Наставници Библиотекар | ноември 2024 | Канцелариски материјал | Директор | Записници од состаноци, документи за формирање на тимот. |
| Анализа и процена на потребните ресурси и план за обезбедување на финансии за набавка на ресурси за катчето за дигитална достапност | Направена детална анализа на потребите за катче за дигитална достапност со најмалку 10 ресурси идентификувани како неопходни.<br><br>Проценета вкупна вредност на ресурсите со одреден буџетен план.<br><br>Обезбедени | Тим за опремување на катче за дигитална достапност<br><br>Директор на училиштето | ноември 2024 – декември 2024 | Информации за цените на опремата (понуди од добавувачи).<br><br>Потенцијални извори на финансии (училишен буџет, донации, фондови).<br><br>Канцелариски материјал | Директор<br>Тим за опремување на катче за дигитална достапност<br>Секретар/книговодител | Детален план за набавка на потребните ресурси.<br><br>Понуди од добавувачи.<br><br>Извештаи за обезбедени финансии (донатори, буџетски извори).<br><br>Записници од состаноци за координација и |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | најмалку 80% од потребните финансии преку донации, буџетски средства или соработка со институции и организации. | | | | | обезбедување на финансии. |
| Доставено барање за поддршка на Училишен одбор за идните активности | Извештај од Училишен одбор со конкретни предлози за можни донатори и други извори на финансии (промоција, спонзорства) | Директор<br>Тим за опремување на катче за дигитална достапност<br>Училишен одбор<br>Претседател на УО | ноември 2024 – декември 2024 | Подготвување на документи за барање на поддршка. Материјали за презентација на планот пред Училишниот одбор. | Директор<br>Претседател на УО | Писмено барање доставено до Училишниот одбор.<br><br>Записник од состанокот на Училишниот одбор.<br><br>Официјален одговор и одобрение за поддршка од Училишниот одбор. |
| Состаноци со повеќе релевантни институции и приватни организации | Остварени состаноци со најмалку 3 институции и 2 приватни организации; потпишани меморандуми за соработка со најмалку 50% од нив. | Тим за опремување на катче за дигитална достапност, директор, претставници од институциите. | декември 2024 – јануари 2025 | Контакти со институции и организации, документи за соработка. | Директор<br>Тим за опремување на катче за дигитална достапност | Потпишани меморандуми, записници од состаноци, извештаи за постигнати договори. |
| Реализација на договорените активности | Реализирани најмалку 80% од договорените активности во | Директор<br>Тим за опремување на катче за | јануари – јуни 2025 | Опрема, финансиски средства, логистика за | Директор<br>Секретар или книговодител | Договори, сметки, извештаи за реализација на |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | рамките на договорените рокови; најмалку 90% од планираната опрема набавена и инсталирана. | дигитална достапност, Надворешни партнери | | набавка | | набавките и поставувањето на опремата. |
| Спроведување анкета и анализа за корисноста на катчето за дигитална достапност | Најмалку 80% од учениците и наставниците изразуваат задоволство од користењето на катчето; идентификувани се барем три предлози за подобрување | Тим за опремување на катчето, наставници, библиотекар | септември 2025 | Прашалници, компјутери или таблети за пополнување на анкетите | Тим за опремување на катче за дигитална достапност | Резултати од анкетите, извештај за анализирани податоци и предлози за подобрувања |

## 8.Комисија за изработка на Развојната програма за работа на основното училиште

**Развојната програма ја изработија:**

1. Соња Кирковска - директор
2. Маја Ѓорчевска –Затуроска- педагог
3. Нела Слезенкова Никовска - одделенски наставник
4. Биљана Стојановска - одделенски наставник
5. Лариса Милевска – родител
6. Зоран Ингилизов - родител
7. Кети Христовска – предметен наставник
8. Леона Јорданова – ученик
9. Васко Димов – претставник од Општина (Сектор за образование)

Листа за проверка за учество на чинителите во процесот на подготвување на Развојнатапрограма на училиштето

| | Училиштно раководство | Училиштен одбор | Воспитно образовен кадар | Ученици | Родители | Локална Заедница |
|---|---|---|---|---|---|---|
| СВОТ анализа | ✔ | | | | | |
| Мисија, визија | ✔ | | | | | |
| Разгледување на приоритети и селекција | ✔ | ✔ | ✔ | ✔ | ✔ | ✔ |
| Дефинирање на цели | ✔ | | ✔ | ✔ | | ✔ |
| Изготвување на акциски планови | ✔ | | ✔ | ✔ | ✔ | ✔ |
| Изготвување на финалниот документ на | ✔ | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Развојната програма | | | | | | |